Strategic Marketing and Media Research
Part of StrategicPuls Group and Member of ESOMAR

Извештај

# Испитување на јавното мислење во однос на пазарот на електронски комуникации во Македонија

За: Агенција за електронски комуникации

Септември 2009

# СОДРЖИНА

Методологија 4

Клучни наоди 5

Како се читаат СММРИ табелите 11

Резултати 12

ПОЗНАТОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИДали сте слушнале за Агенцијата за електронски комуникации (АЕК)? 13
Дали сте слушнале за Агенцијата за електронски комуникации (АЕК)? 14
Која е функцијата/ улогата на АЕК? 15
Дали, според вашето мислење, АЕК придонесува во процесот на либерализација и развој на македонскиот пазар за електронски комуникации? 16
ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈАДали во моментов во Вашето домаќинство поседувате фиксна телефонска линија? 17
Дали во моментов во Вашето домаќинство поседувате фиксна телефонска линија? 18
Причина поради која не поседувате фиксна телефонска линија во домаќинството? 19
Дали имате намера да станете корисник на фиксна телефонија во наредниве 6 месеци? 20
Задоволство од КВАЛИТЕТОТ на услугите понудени од операторот на фиксна телефонија 21
Задоволство од ЦЕНИТЕ на услугите понудени од операторот на фиксна телефонија 22
Дали некогаш сте го промениле операторот на фиксна телефонија кој сте го користеле? 23
Причини за промена на операторот на фиксна телефонија 24
Дали по промената на операторот Вашата телефонска сметка се намали, остана иста или се зголеми? 25
Дали по промената на операторот на фиксна телефонија забележавте намалување, зголемување или пак квалитетот на услугата остана на исто ниво како и со претходниот оператор? 26
Колку често телефонирате од фиксен на фиксен телефон? 27
Колку често телефонирате од фиксен на мобилен телефон? 28
Доколку цената за користење на фиксен телефон во Вашето домаќинство се зголеми за 10%, дали тоа би бил доволен услов за промена на Вашиот оператор на фиксна телефонија? 29
Дали некогаш сте имале поплаки до Вашиот оператор на фиксна телефонија? 30
Дали како корисник го оствариВте Вашето право? 31
Колку често користите јавни телефони (телефонски говорници, телефони во трафика, продавница...)? 32
ИНТЕРНЕТ 33
Дали користите интернет? 34
Колку често користевте интернет во последниве 3 месеци? 35
Каде најчесто користите интернет? – првоспомнат одговор 36
Каде сѐ користите интернет? 37
Каков интернет пристап користите во Вашето домаќинство? 38
Каков интернет пристап користите на работа? 39
Кој интернет провајдер го користите во Вашето домаќинство? 40
Кој интернет провајдер го користите на работа? 41
Задоволство од ЦЕНИТЕ на услугите понудени од Вашиот интернет оператор 42
Задоволство од КВАЛИТЕТОТ на услугите понудени од Вашиот интернет оператор 43
Дали при користењето на услугите од Вашиот интернет провајдер ја добивате предвидената услуга т.е. брзина и количество податоци? 44
Дали некогаш сте го промениле интернет провајдерот кој сте го користеле? 45
Дали за потребите на Вашето домаќинство повеќе Ви одговара пакет услуги кој вклучува интернет, телефонија и телевизија или пак повеќе Ви одговара овие услуги да ги користите раздвоено? 46

Дали според Вас во последниве 12 месеци конкуренцијата на пазарот доведе до зголемување или намалување на квалитетот на интернет услугите, или пак квалитетот на услугите остана ист? ... 47
Дали според Вас во последниве 12 месеци конкуренцијата на пазарот доведе до зголемување или намалување на цената на интернетот, или пак цената остана иста? ... 48
МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈАДали користите мобилен телефон? ... 49
Дали користите мобилен телефон? ... 50
Колку SIM картички во различни мрежи користите во моментот? ... 51
Од кои причини не користите повеќе SIM картички во различни мрежи? ... 52
Кој е Вашиот главен мобилен оператор? ... 53
Задоволство од КВАЛИТЕТОТ на услугите понудени од мобилниот оператор ... 54
Задоволство од ЦЕНИТЕ на услугите понудени од мобилниот оператор ... 55
Колку често телефонирате од мобилен на мобилен телефон? ... 56
Колку често телефонирате од мобилен на фиксен телефон? ... 57
Дали некогаш сте го промениле операторот на мобилна телефонија кој сте го користеле? ... 58
Причини за промена на операторот на мобилна телефонија ... 59
Дали би сакале да имате избор на повеќе компании кои нудат услуги на мобилна телефонија? ... 60
Доколку во моментов се појави нов оператор на мобилна телефонија, што треба да понуди за да станете негов корисник? ... 61
Дали пред да патувате во странство се информирате за цената на користење на мобилен телефон во соодветната земја? ... 62
Причини заради кои не се информирате за цената на користење на мобилен телефон во странство. ... 63
Кога патувате во странство дали изборот на мрежата при меѓународен роаминг најчесто го правите автоматски или рачно/ мануелно? ... 64
Според кој критериум го вршите изборот на мрежата при меѓународен роаминг? ... 65
При патување во странство, како алтернатива за намалување на трошоците се користи: ... 66

# МЕТОДОЛОГИЈА

- **Начин на прибирање на податоците:** Интервјуирање лице-во-лице во домот на испитаникот
- **Изворот на податоци:** врз основа на случаен репрезентативен одбирок од популацијата на возраст 16+ во Македонија
- **Големина на одбирокот:** 1100 испитаници
- **Вид на одбирокот:** троетапен стратифициран репрезентативен одбирок, со етапи на избор:
- Избор на гласачко место (PPS sampling)
- Избор на домаќинство со прост случаен одбирок (SRSWoR sampling sheme)
- Избор на член во домаќинството по кишови таблици (Kish tables)
- **Стратификација на одбирокот:** врз основа на4 географски региони во Македонија,
  вид на населба (урбано и останато)
- **Контрола на анкетирањето:** теренска и телефонска (15% контрола на процедурата) и
- интерактивна (100% логичка контрола и контрола на конзистентноста)
- **Време на анкетирање:** истражувањето е направено од 3 до 9 септември 2009 година
- **Интервал на доверба:** 95% интервал на доверба за инциденца од 5% е ( 3.7%, 6.3%)
  95% интервал на доверба за инциденца од 20% е (17.6%, 22.4%)
  95% интервал на доверба за инциденца од 40% е (37.1%, 42.9%)



# КЛУЧНИ НАОДИ

## ЗАПОЗНАЕНОСТ СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

За Агенцијата за електронски комуникации слушнале 28% од вкупната популација. Поголем е процентот на машката популација која слушнале за АЕК – 33%, за разлика од женската – 23%. Младите луѓе од 16-29 години во помал процент – 22% од просекот слушнале за АЕК, за разлика од повозрасните од 30-39 години кај кои овој процент е 38% и кај кај оние од 40-49 години – 37%. Меѓу популацијата со високо образование 43% слушнале за АЕК, за разлика од оние кои се со основно образование и помалку кај кои овој процент е само 15%. Типични отстапувања од просечната вредности има и кај популацијата со различно етничко потекло. За АЕК слушнале многу мал процент од популацијата со албанско етничко потекло – само 17%, додека кај популацијата со македонско етничко потекло овој процент достигнува дури 33%. 32% од популацијата од урбаниот дел во Македонија слушнале за АЕК, за разлика од популацијата од руралниот дел – 21%.

46% од популација во Македонија која слушнала за АЕК сметаат дека АЕК претставува регулаторно тело на пазарот за електронски комуникации. Овој процент е изразито повисок од просекот кај популацијата од 30-39 години – 61%, како и кај популацијата со вишо и високо образование – 62%. Дека АЕК е Јавен сервис за граѓаните мислат 32%. Кај албанската популација овој процент е 59%, следствено на тоа и во регионот северозапад и Куманово каде доминира албанското население овој процент е повисок од просекот и изнесува 47%. Дури 18% не знаат која е улогата/ функцијата на АЕК. Овој процент е повисок кај женската популација – 26% и кај повозрасната популација над 60 години – 32%.

Дека АЕК многу придонесува во процесот на либерализација и развој на македонскиот пазар за електронски комуникации сметаат 39% од вкупната популација во Македонија постара од 16 години кои слушнале за АЕК, 32% сметаат дека малку придонесува, 9% - воопшто не придонесува, додека 20% немаат свој став за ова прашање. Со повисок процент над просекот се издвојува популацијата од 50-59 години од кои 59% сметаат дека АЕК многу придонесува, додека кај жителите на Скопје овој процент е помал од просекот и изнесува 26%.

## КОРИСТЕЊЕ НА ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈА

Фиксна телефонска линија во домаќинството поседува 69% од популацијата во Македонија постара од 16 години.

Како најчеста причина зошто не поседуваат фиксна телефонска линија 35% од популацијата која не поседува фиксна телефонска линија навеле дека порано поседувале, но МТ им ја исклучиле линијата поради неможност да ги плаќаат сметките. Оваа причина најизразена е во источниот и централниот дел од Македонија, каде како причина ја навеле 49% од испитаниците кои не поседуваат фиксен телефон, додека во Скопје овој процент изнесува само 19%; 32% од популацијата која не поседува фиксна телефонска линија во домаќинството навеле дека порано поседувале фиксна телефонска линија, но ја исклучиле откако почнале да користат мобилни телефони. 11% како причина за не поседување на фиксен телефон навеле дека немаат потреба од телефон и не поседуваат ниту фиксен ниту мобилен телефон. Оваа причина е поприсутна кај повозрасната популација над 60 години – 21%, кај пензионерите и домаќинките – 22% и кај албанската популација – 21%. Оваа причина се појавува само кај 5% од Македонците кои немаат фиксен телефон; Немаат техничка можност за поставување на фиксен телефон во домаќинството 7% од испитаниците кои не поседуваат фиксен телефон, а ист е процентот и на оние кои не поседуваат фиксен телефон заради

високите цени на претплатата како и импулсите; 4% од испитаниците кои не поседуваат фиксен телефон се изјасниле дека немаат потреба од фиксен телефон.

87% од популацијата која не поседува фиксен телефон нема намера да стане корисник на фиксна телефонија во следните 6 месеци. Процентот на оние кои имаат намера да приклучат фиксна телефонска линија во следните 6 месеци изнесува 11%.

Средната вредност на задоволството од квалитетот на услугите понудени од операторот на фиксна телефонија е солидна и изнесува 3,1 (оценките се од 1 до 4, каде што 1 е воопшто незадоволен, а 4 многу задоволен). 85% од целната популација која поседува фиксен телефон се изјасниле позитивно (многу задоволни и донекаде задоволни) во однос на квалитетот на услугите кои ги нуди операторот на фиксна телефонија, додека негативно (воопшто незадоволни и донекаде незадоволни) се изјасниле 16% од истите.

Средната вредност на задоволството во однос на цените за фиксна телефонија изнесува 2,4.

Од вкупната популација која поседува фиксна телефонска линија (69% од целната популација) 15% го сомениле својот поранешен оператор на фиксна телефонија. Отстапувања во однос на просечната вредност се појавуваат кај повозрасната популација над 60 години, кај кои овој процент е 21%, кај урбаната популација – 19% како и кај испитаниците од регионот на југозапад. Промената на операторот на фиксна телефонија во многу помала мерка се забележува кај албанската популација – 5%, соодветно на тоа и во регионот северозапад и Куманово претежно населен со Албанци – 8% и кај руралната популација – 6%.

Најчеста причина за промена на операторот на фиксна телефонија се подобрите цени. Оваа причина ја навеле дури 84% од оние испитаници кои го смениле операторот на фиксна телефонија. Како причини за промена на операторот за фиксна телефонија уште се појавиле и: користење на пакет понуда кај 16%, поквалитетни услуги кај 10%, поголема грижа за корисниците кај 3% од испитаниците кои го смениле операторот.

Кај 88% од испитаниците кои го смениле операторот за фиксна телефонија после промената телефонската сметка се намалила, кај 7% останала иста, а кај 3% се зголемила.

Квалитетот на услугата пак кај 57% од испитаниците кои го смениле операторот за фиксна телефонија останал ист, кај 24% се зголемил, а кај 15% се намалил после промената на операторот на фиксна телефонија.

Од фиксен на фиксен телефон секогаш кога има потреба телефонираат 88% од корисниците на фиксна телефонија, 10% телефонираат само кога мораат, а 2% никогаш не телефонираат.

Од фиксен на мобилен телефон пак, секогаш кога имаат потреба телефонираат само 15%, во посебни случаи, само кога мораат – 50%, а никогаш не телефонираат дури 35% од испитаниците кои поседуваат фиксна телефонска линија (а кои се 69% во вкупната целна популација) .

Зголемувањето на цената на користење на фиксен телефон за 10% за 64% од испитаниците кои се корисници на фиксна телефонија претставува доволен услов за промена на операторот. За 29% од истите испитаници ова не е доволен услов за промена на операторот, додека 7% се неодлучни во однос на ова.

74% од испитаниците кои имаат фисен телефон, никогаш немале поплаки од операторот на фиксна телефонија. 24% е процентот на оние кои имале поплаки. Од нив правото како корисник го оствариле 53%, додека 46% сметаат дека тоа право не го оствариле.

Со оглед на експанзијата на користењето на мобилни телефони, користењето на јавни телефони опаѓа од година во година. 82% од вкупната целна популација никогаш не користат јавни телефони (телефонски говорници или телефони во трафика, продавница...), 12% користат неколку пати годишно, 3% - неколку пати месечно и 2% - неколку пати седмично.

## КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ

Од вкупната популација во Македонија над 16 години 46% се корисници на интернет. Отстапување кон поголем процент од оваа вредност има кај помладата популација од 16-29 години кај кои корисниците на интернет се појавуваат дури во 69%, од 30-39 години – 55%, испитаници со високо образование – 70%, ученици и студенти 85%, вработени – 58%. Спротивно на ова отстапување кон помал процент од просечната вредност има кај повозрасната популација 50-59 години – 34%, над 60 години само 7%, соодветно на ова кај пензионерите и домаќинките 14%, популацијата која живее во рурални средини – 38%.

Од корисниците на интернет (кои во однос на вкупната целна популација се 46%) 69% користат интернет речиси секој ден. Најмалку еднаш седмично интернет користат 21% од корисниците на интернет, 5% користат еднаш месечно, а 4% - поретко од еднаш месечно.

Од сите места од каде што користат интернет најголем процент, дури 85% од корисниците користат интернет дома, 27% - на работа, 24% - кај пријатели, 21% - во интернет кафе, 7% - на училиште/ факултет.

81% од оние кои користат интернет најчесто користат дома, 8% најчесто користат во интернет кафе, 7% - на работа, 3% - кај пријатели, 1% - на училиште/ факултет. Отклонувања кон позитивно или кон негативно од просекот во однос на местото каде најчесто се користи интернет има во зависност од факторите кои го определуваат начинот на живеење. Разгледувајќи според занимањето 14% вработени најчесто користат интернет на работа, а 17% од невработените – во интернет кафе. Албанците најчесто користат интернет е во интернет кафе – 19%, за разлика од македонската популација од кои само 4% користат интернет во интернет кафе.

Најчест интернет пристап во домаќинството е ADSL кој го навеле 58% од корисниците на интернет, 25% од дома користат кабелски интернет пристап, 2% се на WiMax или Wi-Fi безжичен интернет пристап, а по 1% отпаѓа на ISDN и на интернет преку мобилен телефон. Позитивно отклонување од просекот за користење на кабелски пристап на интернет се појавува кај испитаниците од регионот југозапад – 44%, 30% - кај испитаниците во урбани средини (соодветно на распространетоста на кабелската мрежа), како и кај популацијата со македонско етничко потекло – 32%. За сметка на кабелскиот интернет пристап како почест во регионот на југозапад само 39% од корисниците на интернет од дома користат ADSL пристап.

Како интернет пристап кој го користат на работа 16% од корисниците на интернет го навеле ADSL, 3% отпаѓа на кабелски интернет, а по 1% на ISDN, WiMax или Wi-Fi безжичен интернет пристап.

T-Home како интернет провајдер во домаќинството го користат 39% од корисниците на интернет од целната популација (која изнесува 46% од вкупната популација во Македонија).

Он – нет како интернет провајдер во домаќинството го користат 18% од испитаниците кои користат интернет. Позитивно отклонување од оваа вредност за Он – нет има кај испитаниците со албанско етничко потекло кои Он – нет го навеле во 31% случаи и кај испитаниците од Скопје – 35%. Кај Македонците – 13%, како и испитаниците од регионот југозапад – 7% и исток и центар – 9% се забележува негативно отклонување на користење на Он – нет како интернет провајдер во домаќинството.

Telekabel го користат 10% од испитаниците како интернет провајдер во домаќинството. Овој процент е повисок кај испитаниците кои живеат во урбана средина и изнесува 13% и кај испитаниците од југозападниот дел од Македонија – 18%.

Локален кабелски оператор како интернет провајдер во домаќинството го користат 8% од корисниците на интернет во Македонија, Cable tel 5%, а по 1% Neotel и Cosmofon.

Како интернет провајдер кој го користат на работа повторно во најголем процент – 13% корисниците на интернет го навеле T-Home, Он – нет го навеле 5%, а Telekabel 2%.

Како многу задоволни од цените на услугите на интернет провајдерот се изјасниле 36% од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството (39% од вкупната целна популација), додека 49% се изјасниле како донекаде задоволни. 7% од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството воопшто не се задоволни од цените на услугите на интернет провајдерот, а донекаде незадоволни се изјасниле 7,6%. Отклонување од овој процент (донекаде незадоволни 7,6%) се појавува кај албанската популација – 17% и кај испитаниците од Скопје – 12%.

85% од од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството (39% од вкупната целна популација) се задоволни (донекаде задоволни и многу задоволни) од квалитетот на услугите на интернет провајдерот. Незадоволни (воопшто незадоволни и донекаде назадоволни) се изјасниле 15% од истите.

37% од од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството (39% од вкупната целна популација) се изјасниле дека при користењето на услугите од интернет провајдерот секогаш ја добиваат предвидената услуга т.е. брзина и количество податоци, 42% се изјасниле дека најчесто ја добиват, 16% дека најчесто не ја добиваат и 4% никогаш не ја добиваат.

Само 11% од од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството го промениле интернет провајдерот кој го користеле.

За потребите на домаќинството 65% од од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството се изјасниле дека повеќе им одговара пакет услуги кој вклучува интернет, телефонија и телевизија додека 35% сметаат дека повеќе им одговара овие услуги да ги користат раздвоено.

Дека конкуренцијата на пазарот во последните 12 месеци доведе до зголемување на квалитетот на интернет услугите сметаат 45% од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството, 49% сметаат дека квалитетот на услугите остана ист, а 6% сметаат дека дошло до намалување на квалитетот на услугите. Што се однесува до цената на интернет услугите 13% од корисниците на интернет кои имаат интернет конекција во домаќинството сметаат дека конкуренцијата на пазарот во поседниве 12 месеци доведе до зголемување на цената на интернетот, 52% сметаат дека цената на интернет остана иста и 35% дека цената се намали.

## КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА

80% од популацијата во Македонија кои се на возраст над 16 години се корисници на мобилна телефонија. Во овој процент влегуваат и оние кои немаат свој личен мобилен телефон, туку го користат мобилниот телефон на некој член од семејството. Поголем процент на користење на мобилна телефонија се појавува кај помладата популација и соодветно на тоа се појавува и позитивно отклонување од просечната вредност кај занимањето како и образованието кои одговараат на возраста на испитаникот. Од корисниците на мобилен телефон (80% од вкупната целна популација) 81% користат само една SIM картичка во различни мрежи, 14% користат две, а 5% - три SIM картички.

Од популацијата која користи мобилен телефон, но не користи повеке од една SIM картичка во различни мрежи (65% од вкупната целна популација), на прашањето зошто не користат повеќе од една SIM картичка како причини ги навеле следните: 64% навеле дека немаат потреба, 8% дека броевите кои најчесто ги вртат се на истиот мобилен оператор, а истиот процент – 8% затоа што е скапо, зголемени трошоци за ваучери/ претплата/ телефонски апарати и 2%- сметаат дека не е практично/ потребна е промена на картичките во мобилните телефони.

Од корисниците на мобилни телефони во Македонија кои се на возраст над 16 години 69% како главен мобилен оператор го имаат T-Mobile, 22% - Cosmofon и 9% - VIP.

Многу голем процент, дури 92% од испитаниците кои користат мобилен телефон се изјасниле како позитивно задоволни (многу задоволни – 48% и донекаде задоволни – 44%) од квалитетот на услугите понудени од мобилниот оператор. Незадоволни (воопшто незадоволни – 3% и донекаде незадоволи – 5%) од квалитетот на услугите што ги нуди мобилниот оператор се изјасниле вкупно 8% од корисниците на мобилна телефонија. Воопшто незадоволни се изјасниле 6% од испитаниците на возраст од 40-49 години.

Задоволството од цените на мобилните оператори е помало во однос на задоволството од квалитетот на услугите и изнесува 73%, а соодветно незадоволството е кај 27% на корисниците на мобилни телефони. Како многу задоволни се изјасниле 29% од корисниците на мобилен телефон. Позитивно отстапување од оваа вредност има кај корисниците на мобилниот оператор VIP – 50%. Како воопшто незадоволни се изјасниле 12% од корисниците на мобилна телефонија. Типичен е процентот на многу незадоволни испитаници од албанската популација – 21%, во северозападниот регион и Куманово – 21% и кај испитаниците кои живеат во руралните подрачја – 18%.

94% од корисниците на мобилна телефонија телефонираат од мобилен на мобилен телефон секогаш кога за тоа имаат потреба. Во посебни случаи, само кога мораат, телефонираат 6% од истите, а оние кои никогаш не телефонираат се 0,3%.

Споредено со телефонирањето од мобилен на мобилен телефон само 20% од корисниците на мобилен телефон телефонираат од мобилен на фиксен телефон секогаш кога имаат потреба, во посебни случаи, само кога мораат телефонираат 53% од истите, додека дури 27% е процентот на оние кои никогаш не телефонираат. Процентот на оние кои никогаш не телефонираат од мобилен на фиксен е поголем кај албанската популација – 35%.

78% од корисниците на мобилна телефонија никогаш не го промениле операторот на мобилна телефонија. По 10% се оние кои го смениле T-Mobile (Мобимак) и Cosmofon, а VIP го смениле 2%. Подобри цени е најчеста причина поради која го смениле операторот на мобилна телефонија, а за која се изјасниле 73% од корисниците на мобилна телефонија кои го смениле мобилниот оператор (кои се 17% од вкупната целна популација), 27% како причина ги навеле подобрите услуги, а подобра грижа на корисниците се појавува кај 9%.

Оние кои сметаат дека треба да има повеќе компании кои нудат услуги на мобилна телефонија се 77% од корисниците на мобилна телефонија (а кои од вкупната целна популација во Македонија се 80%). Кај албанската популација процентот на оние кои сметаат дека треба да има повеќе компании кои нудат услуги на мобилна телефонија е помал од просекот и изнесува 65%. Процентот на корисниците на мобилна телефонија кои не сакаат да има повеќе компании кои нудат услуги на мобилна телефонија е 21%. Типични отстапувања од просечната вредност има кај домаќинките и пензионерите – 30%, повозрасната популација над 60 години – 31%, албанската популација – 32% (соодветно на ова кај македонската популација овој процент има негативно отклонување и изнесува 16%) и кај испитаниците кои живеат во Скопје – 27%.

Доколку се појави нов оператор на мобилна телефонија за да ги придобие корисниците на мобилна телефонија треба да им понуди подобри цени за разговор рекле 81% од корисниците на мобилна телефонија. Во многу помали проценти се појавуваат други карактеристики како што се: подобар квалитет на услугите - 7%, подобри цени за SMS/MMS и дата податоци – 3% и по 2% се подобра грижа за корисниците и подобра понуда на телефонски апарати.

Само 17% од корисниците на мобилна телефонија кога патуваат во странство секогаш се информираат за цената на услугите за користење на мобилен телефон во соодветната земја, 11% најчесто се информираат, ист е процентот и на оние кои најчесто не се информираат, 17% никогаш не се информираат, додека дури 45% не патуваат или многу ретко патуваат во странство. Процентот на испитаниците кои секогаш се информираат за цените на услугите кога патуваат во странство е поголем кај оние кои се со вишо и високо образование – 29% како и оние кои

живеат во северозападниот регион и Куманово – 26%, а помал кај повозрасната популација над 60 години – 6%, кај пензионерите – 6%. 14% од вработените испитаници најчесто се информираат за цените на услугите кога патуваат во странство.

Испитаниците кои не се информираат за цените за користење на мобилен телефон во странство како причини за тоа ги навеле следните: 12% немаат потреба да се информираат, не ги интересира, 7% ретко користат телефон кога се во странство, 2% сметаат дека немаат лесен пристап до тие информации, а дури 19% не навеле некоја посебна причина за тоа.

Кога патуваат во странство 35% од корисниците на мобилен телефон изборот на мрежата при меѓународен роаминг најчесто го прават автоматски, 22% го прават рачно/ мануелно, додека 43% одговориле дека не знаат/ не одговориле. Од оние кои изборот на мрежата го прават рачно за 72% критериумот според кој ја бираат мрежата се пониски цени, 21% бираат според познатоста на операторот, а 17% бираат според подобар квалитет. При патување во странство, како алтернатива за намалување на трошоците 45% од корисниците на мобилен телефон користат СМС/ММС, 19% користат резервна SIM картичка од земјата во која престојуваат, 2% користат некоја друга алтернатива.

# КАКО СЕ ЧИТААТ СММРИ ТАБЕЛИТЕ

***Насловот* кажува за варијаблите чии фреквенции се дадени**

Во првата колона *Тотал* дадени се проценти за секоја категорија на табелирана

Секоја следна ***колона*** претсавува процент на дадената варијабла во рамките на некоја субпопулација

Ако табелираната варијабла претставува оцена на испитаникот на некои скали тогаш се додадени уште 3 редови ...

Редот означен со ***N*** ја означува големината на базата, т.е. колкава е големината на (под) одбирокот врз кој се пресметани процентите

Редот означен со ***sig***, претставува значителност на Hi-квадратот статистиката на разгледуваната варијабла варијаблата од колоната, ако hi-квадратот е значителен, тогаш значи-телноста е со бели букви

Последниот ред од таблата ***100%*** зборува за тоа дека сите вредности во колоната се собираат до 100, односно дека се дадени процентите на колоната

## ОБРАЗОВАНИЕ- ПОСЛЕДНО ЗАВРШЕНО ШКОЛО:

| | Тотал | Пол | | Вид на населба | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | Град | Друго |
| N | 1198 | 599 | 599 | 704 | 494 |
| sig | | 0.00 | | 0.00 | |
| Без школо | 1.8 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 1 до 7 одделение на основно | 5.1 | 4 | 6 | 3 | 8 |
| Основно (сите 8 одделенија) | 19.4 | 17 | 22 | 14 | 27 |
| Едногодишно или догодишно стручно школо | 1.3 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| Тригодишно стручно школо за занает | 11.8 | 15 | 9 | 10 | 14 |
| Четворогодишно стручно школо за занает | 40.4 | 41 | 39 | 44 | 35 |
| Гимназија | 4.6 | 4 | 6 | 6 | 3 |
| Вишо школо, прв степен факултет | 6.3 | 8 | 5 | 7 | 5 |
| Факултет, академија, високо школо | 8.8 | 8 | 10 | 12 | 4 |
| Магистратура | 0.3 | 0 | 0 | 1 | |
| Докторат | 0.2 | 0 | | 0 | 0 |
| Тотал | 100% | | | | |

***Ќелиите* на табелата офарбани во плаво, односно црвено ако вредноста во ние е значително над, односно под просекот. Се користат три нијанси на плава односно црвена боја, за три нивои на значителност. Најсветлите нијанси за одстапки значителни на ниво од 0.10, средни нијанси за ниво од 0.05 и најтемните нијанси на плаво и црвено на ниво од 0.01.**

| Над просек | | | Не отстапува | Под просек | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0.01 | 0.05 | 0.10 | | 0.10 | 0.05 | 0.01 |

**Пример на толкување** на податоци од горната табела (структура на образование):

Значителноста на hi-квадратот (значителноста на обата hi-квадрати статистики е помала од 0.01) ни зборува дека дистрибуцијата на образование според пол, односно според вид на населба е значително различна.
Кога ќе се погледнат табелите се гледа дека има значително повеќе машки со тригодишна стручна спрема за занаети на ниво на значителност 0.05 (во целиот одбирок испитаници со ваков вид на образование има 11.8%, а меѓу машките 15%). Исто така, жени со овој вид на школо има значително помалку (на ниво 0.05) 9%.
Испитаници со факултет, академија, високо школо во град има значително (ниво 0.01) повеќе отколку во цела популација, односно 12%, како што во неградска средина има значително помалку (ист ниво на значителност од 0.01) односно 4%.

## НА СКАЛАТА ОД 1 ДО 5 ОЦЕНЕТЕ ЈА СОСТОЈБАТА ВО ЗЕМЈАВА

| | Тотал | Пол | |
|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски |
| N | 1013 | 500 | 513 |
| sig | | 0.13 | |
| оцена 1 | 23.1 | 23 | 23 |
| оцена 2 | 35.3 | 37 | 34 |
| Sum - | 58.4 | 59 | 57 |
| оцена 3 | 35.1 | 35 | 36 |
| Sum + | 4.9 | 5 | 4 |
| оцена 4 | 3.9 | 4 | 4 |
| оцена 5 | 1.0 | 1 | 1 |
| Одбива да одговори | 0.5 | 1 | 0 |
| Не знае | 1.0 | 0 | 2 |
| Тотал | 100% | | |
| Mean | 2.23 | 2.24 | 2.23 |

Редот означен со ***Sum –*** претставува сума на проценти на негативните оцени

Редот означен со ***Sum +*** претставува сума на проценти на позитивни оцени

Под оценките се наоѓаат останатите неспецифични одговори на испитаникот

Редот означен со ***Mean*** претставува аритметичка средина на дадените оцени

Кога се можни повеќе одговори (испитаникот е во можност да одговори на повеќе валидни одговори, модалитети) податоците во ќелиите претставуваат процент од (суб)популацијата која се разгледува, односно потврдно одговара на даден модалитет

## КОИ СЕ МАРКИ ГИ ПОЗНАВАТЕ?

| | Тотал | Вид на населба | |
|---|---|---|---|
| | | Град | Друго |
| N | 502 | 302 | 200 |
| Brand C | 97.8 | 98 | 98 |
| Brand A | 93.2 | 95 | 91 |
| Brand D | 39.1 | 41 | 36 |
| Brand B | 22.3 | 26 | 17 |
| Brand E | 22.1 | 19 | 27 |
| Друго | 20.9 | 26 | 14 |
| Не знае ни една | 0.2 | 0 | |

Приметете дека недостасува ред ***100%*** тоа е затоа што овие проценти не се собираат до 100.

# РЕЗУЛТАТИ

Извештајот го направи:

Благица М. Ангелковиќ
+389 70 393 024
blagica@smmri.com.mk

# ПОЗНАТОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# Дали сте слушнале за Агенцијата за електронски комуникации (АЕК)?

База: Вкупна целна популација







| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | 16-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60 и повеќе | Основно и помалку | Средно | Вишо и високо | Вработен | Ученик/ Студент | Домаќинка/ Пензионер | Невработен | Македонец | Албанец | Друго | Урбан | Друго | Скопје | Северозапад и Куманово | Југозапад | Исток и Центар |
| N | 1138 | 567 | 571 | 326 | 217 | 211 | 162 | 222 | 337 | 624 | 177 | 443 | 107 | 308 | 280 | 767 | 256 | 116 | 717 | 421 | 321 | 278 | 241 | 298 |
| sig | | 0.00 | | 0.00 | | | | | 0.00 | | | 0.00 | | | | 0.00 | | | 0.00 | | 0.21 | | | |
| Да | 27.8 | 33 | 23 | 22 | 38 | 37 | 24 | 20 | 15 | 30 | 43 | 36 | 21 | 16 | 31 | 33 | 17 | 15 | 32 | 21 | 32 | 26 | 22 | 30 |
| Не | 71.8 | 67 | 76 | 78 | 61 | 63 | 76 | 79 | 84 | 69 | 57 | 64 | 78 | 84 | 68 | 66 | 83 | 83 | 68 | 79 | 68 | 74 | 78 | 69 |
| НЗ/БО | 0.3 | 0 | 1 | 0 | 0 | | | 1 | 1 | 0 | | | 1 | 1 | 0 | 0 | | 1 | 0 | 0 | | 1 | | 1 |
| Вкупно | 100% | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

# Која е функцијата/ улогата на АЕК?

Повеќе одговори; База: Популација која слушнала за АЕК (28% од целната популација)







| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | 16-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60 и повеќе | Основно и помалку | Средно | Вишо и високо | Вработен | Ученик/ Студент | Домакинка/ Пензионер | Невработен | Македонец | Албанец | Друго | Урбан | Друго | Скопје | Северозапад и Куманово | Југозапад | Исток и Центар |
| N | 317 | 184 | 132 | 72 | 83 | 78 | 39 | 45 | 50 | 190 | 77 | 158 | 22 | 48 | 88 | 256 | 44 | 17 | 229 | 88 | 103 | 71 | 53 | 90 |
| Регулаторно тело на пазарот за електронски комуникации... | 46.4 | 48 | 44 | 45 | 61 | 41 | 38 | 39 | 28 | 44 | 65 | 54 | 46 | 34 | 39 | 48 | 38 | 47 | 48 | 44 | 49 | 48 | 35 | 49 |
| Јавен сервис на граѓаните | 32.1 | 35 | 27 | 39 | 22 | 36 | 46 | 21 | 42 | 34 | 22 | 28 | 45 | 29 | 38 | 28 | 59 | 26 | 31 | 36 | 24 | 47 | 39 | 26 |
| Друго | 3.7 | 5 | 2 | | | 6 | 9 | 8 | 3 | 4 | 2 | 4 | | 10 | 1 | 5 | | | 5 | 1 | 7 | | 2 | 4 |
| НЗ/БО | 18.1 | 12 | 26 | 16 | 16 | 18 | 10 | 32 | 28 | 19 | 11 | 15 | 9 | 27 | 22 | 20 | 3 | 27 | 18 | 19 | 22 | 5 | 24 | 21 |

# Дали, според вашето мислење, АЕК придонесува во процесот на либерализација и развој на македонскиот пазар за електронски комуникации?

База: Популација која слушнала за АЕК (28% од целната популација)







| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | 16-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60 и повеќе | Основно и помалку | Средно | Вишо и високо | Вработен | Ученик/ Студент | Домакинка/ Пензионер | Невработен | Македонец | Албанец | Друго | Урбан | Друго | Скопје | Северозапад и Куманово | Југозапад | Исток и Центар |
| N | 317 | 184 | 132 | 72 | 83 | 78 | 39 | 45 | 50 | 190 | 77 | 158 | 22 | 48 | 88 | 256 | 44 | 17 | 229 | 88 | 103 | 71 | 53 | 90 |
| sig | | 0.11 | | | | 0.19 | | | | 0.01 | | | 0.35 | | | | 0.47 | | 0.20 | | | 0.02 | | |
| Да, многу придонесува | 38.2 | 40 | 36 | 42 | 33 | 36 | 58 | 28 | 31 | 42 | 33 | 37 | 39 | 35 | 42 | 39 | 40 | 25 | 35 | 46 | 26 | 50 | 39 | 43 |
| Да, малку придонесува | 32.0 | 35 | 28 | 29 | 35 | 35 | 32 | 25 | 23 | 31 | 41 | 38 | 27 | 23 | 28 | 33 | 33 | 20 | 35 | 24 | 37 | 31 | 34 | 25 |
| Воопшто не придонесува | 9.4 | 10 | 9 | 11 | 10 | 7 | 4 | 15 | 10 | 7 | 14 | 10 | 16 | 12 | 6 | 8 | 19 | 10 | 9 | 10 | 14 | 11 | 2 | 7 |
| НЗ/БО | 20.4 | 16 | 27 | 19 | 21 | 22 | 5 | 32 | 35 | 20 | 11 | 16 | 17 | 30 | 24 | 21 | 8 | 45 | 21 | 20 | 22 | 9 | 25 | 25 |
| Вкупно | 100% | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

# ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈА

# Дали во моментов во Вашето домаќинство поседувате фиксна телефонска линија?

База: Вкупна целна популација




| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | 16-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60 и повеќе | Основно и помалку | Средно | Вишо и високо | Вработен | Ученик/ Студент | Домакинка/ Пензионер | Невработен | Македонец | Албанец | Друго | Урбан | Друго | Скопје | Северозапад и Куманово | Југозапад | Исток и Центар |
| N | 1138 | 567 | 571 | 326 | 217 | 211 | 162 | 222 | 337 | 624 | 177 | 443 | 107 | 308 | 280 | 767 | 256 | 116 | 717 | 421 | 321 | 278 | 241 | 298 |
| sig | | 0.03 | | 0.20 | | | | | 0.00 | | | 0.32 | | | | 0.00 | | | 0.00 | | 0.04 | | | |
| Да | 69.1 | 66 | 72 | 66 | 66 | 70 | 70 | 75 | 61 | 70 | 81 | 70 | 71 | 72 | 65 | 76 | 57 | 50 | 73 | 63 | 70 | 68 | 75 | 64 |
| Не | 30.9 | 34 | 28 | 34 | 34 | 30 | 30 | 25 | 39 | 30 | 19 | 30 | 29 | 28 | 35 | 24 | 43 | 50 | 27 | 37 | 30 | 32 | 25 | 36 |
| Вкупно | 100% | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Причина поради која не поседувате фиксна телефонска линија во домаќинството?

База: Популација која не поседува фиксна телефонска линија (31% од целната популација)







| | Total | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | 16-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60 и повеќе | Основно и помалку | Средно | Вишо и високо | Вработен | Ученик/ Студент | Домаќинка/ Пензионер | Невработен | Македонец | Албанец | Друго | Урбан | Друго | Скопје | СЗ и Куманово | ЈЗ | Исток и Центар |
| N | 351 | 192 | 159 | 111 | 73 | 62 | 49 | 56 | 132 | 186 | 34 | 134 | 31 | 88 | 99 | 184 | 110 | 57 | 197 | 154 | 96 | 89 | 59 | 107 |
| sig | | 0.07 | | 0.39 | | | | | 0.00 | | | 0.02 | | | | 0.02 | | | 0.17 | | 0.01 | | | |
| Поседувавме, но Македонски Телекомуникации ни ја исклучија затоа што не бевме во можност да плаќаме сметки | 34.8 | 42 | 26 | 30 | 31 | 31 | 38 | 50 | 42 | 33 | 17 | 38 | 18 | 36 | 35 | 36 | 29 | 41 | 34 | 36 | 19 | 28 | 45 | 49 |
| Поседувавме, но ја исклучивме откако започнавме да користиме мобилни телефони | 31.6 | 28 | 36 | 40 | 33 | 32 | 26 | 17 | 14 | 43 | 38 | 35 | 61 | 21 | 28 | 38 | 25 | 25 | 34 | 28 | 36 | 34 | 23 | 31 |
| Немаме потреба од телефон (Не поседуваме ниту фиксна телефонска линија ниту мобилни телефони) | 11.2 | 11 | 12 | 6 | 11 | 6 | 20 | 21 | 19 | 7 | 9 | 7 | 6 | 22 | 8 | 5 | 21 | 12 | 12 | 10 | 19 | 9 | 4 | 10 |
| Нема технички можности за поставување на фиксна телефонска линија до нашето домаќинство | 7.3 | 5 | 10 | 10 | 6 | 7 | 6 | 6 | 12 | 4 | 7 | 5 | 11 | 10 | 8 | 6 | 9 | 7 | 6 | 9 | 8 | 12 | 3 | 6 |
| Не поседуваме поради високите цени на претплата/ разговор | 7.1 | 6 | 8 | 8 | 5 | 13 | 5 | 3 | 5 | 7 | 17 | 10 | 3 | 5 | 7 | 8 | 8 | 3 | 4 | 11 | 4 | 9 | 19 | 2 |
| Немаме потреба од фиксен телефон | 4.4 | 5 | 4 | 4 | 7 | 7 | 2 | 2 | 5 | 4 | 6 | 2 | | 4 | 8 | 3 | 5 | 8 | 5 | 3 | 8 | 4 | 7 | |
| Друго | 3.6 | 3 | 5 | 3 | 6 | 4 | 3 | 1 | 4 | 3 | 6 | 4 | | 3 | 5 | 4 | 3 | 3 | 4 | 3 | 6 | 4 | | 3 |
| Total | 100% | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Дали имате намера да станете корисник на фиксна телефонија во наредниве 6 месеци?

База: Популација која не поседува фиксна телефонска линија (31% од целната популација)







| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | Занимање | | | | Етничка припадност | | | Населено место | | Регион | | | |
